РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак ...
Рок на чување: 18-04-2016 год.
20 година
Потпис

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ", број 27/15, 78/15 и 192/15), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинска управа на Република Македонија донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на најповолен понудувач

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-001892/16 -0017 од 12.04.2016 година, донесен по спроведена постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 08/2016, во хартиена форма со користење електронска аукција, за доделување на договор за **Набавка на услуга за копирање и печатење на проекти**, како најповолен понудувач СЕ ИЗБИРА:

**Друштво за производство, трговија, услуги и издавачка дејност КОПИ ЦЕНТАР-ТОНИ ДОО Скопје**

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки Директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука број 05-001892/16-0003 од 22.03.2016 година, за јавна набавка на копирање и печатење на проекти.
Износот на средствата од 100.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2016 година, раздел 09003, сметка 637 и /или 631, програма 20, ставка 425.

Согласно член 37 и член 121 од Законот за јавни набавки, набавката се спроведе со со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 08/2016, во хартиена форма со користење електронска аукција.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-001892/16 -0017 од 12.04.2016 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната

постапка да го избере понудувачот Друштво за производство, трговија, услуги и издавачка дејност КОПИ ЦЕНТАР-ТОНИ ДОО Скопје .

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Упатство за правно средство**
Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

**Директор,**
**Наташа Радеска-Крстевска**

Република Македонија Министерство за финансии Скопје

Бр. 05-001892/16-0018
Скопје, 18-04-2016

Доставено во оригинал до:

- Председател на Комисија за јавни набавки
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Дафинка Кијевска
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Цутески